**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И**

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-1906/4
22.08. 2024 год.
ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за градежништво, архитектура, проектирањ е, трговија и услуги МАТРИКС ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-1906/1 од 22.07.2024 г., за одобрување на Проектна програма за УП вон опфат на урбанистички план, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 414/1, 414/2, 415/1, 415/2 И 416, К.О.Ќојлија, Општина Петровец,** иницирана од Друштво за градежништво, архитектура, проектирањ е, трговија и услуги МАТРИКС ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, архитектура, проектирањ е, трговија и услуги МАТРИКС ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, поднесе барање за одобрување на **Проектна програма за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 414/1, 414/2, 415/1, 415/2 И 416, К.О.Ќојлија, Општина Петровец,** со технички број У-42/2024 од 06.2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Услови за планирање на просторот со тех бр. Y27823

3. Решение за услови за планирање на просторот

4. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

5. Полномошно од инвеститор

6. Имотни листови

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма за изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со тех.бр. У-42/2024 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09- 1906/3 од 30.07.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски